Пукање кај Арачиново: Едно лице заврши во болница

08.09.2026 во 13:35 1 Min Read

Ноќеска околу 01:50 часот во СВР Скопје, од Јавната здравствена установа „Св.Наум Охридски“ е пријавено дека кај нив бил донесен А.М.(48) од Скопје со повреди од огнено оружје.

Имено, според пријавеното, тој се здобил со повредите на влезот на с.Арачиново, скопско, откако од возило едно лице кое го познавало, а било во придружба со друго лице, со огнено оружје пукало кон него.

Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

Приведени невенчани сопружници во неготинско: Момче му дало марихуана на малолетно девојче кога ја забележало полицијата

08.09.2026 во 11:05

Скопски таксист ограбил кинески турист во Аеродром

08.09.2026 во 11:01